# ОСВРТИ

Кузман ГЕОРГИЕВСКИ

## СОРАБОТКАТА НА ПРОФЕСОР Д-р ХРИСТО АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ СО МУЗЕЈОТ НА ГРАД СКОПЈЕ

Христо Андонов—Полјански, како што и самиот се искажал во еден разговор со новинарот Ристо Лазаров, уште од млади години, некаде веднаш по ослободувањето, се определил да го проучува минатото на македонскиот народ. Тоа можам и лично да го потврдам, бидејќи како негов соученик во осмиот клас на Машката гимназија во Скопје не само што беше најдобар меѓу нас по предметот историја, туку беше определен целосно да ѝ се посвети на историската наука. Повеќето од нашиот VIIIа клас не бевме определени што ќе ни биде животна определба и професија. Но сите знаевме на што ќе се посветат нашиот Ице и Гане Тодоровски. Тие двајцата не се двоумеа при запишувањето на факултетот: Ице на историја, а Гане на книжевност.

Уште како студент по историја Полјански покажува дека не се запишал само за да го оформи своето образование, туку со љубов да го проучува минатото на својот народ и да пишува за вистината на Македонија. Станува еден од најплодните историчари во Македонија, добар педагог и професор, а нè напушти кога најмногу можеше да твори.

Самиот за себе зборуваше дека трагањето по вистината на својот народ го определило за овој животен позив, а историјата е вистина. А за историјата на нашиот народ во една прилика вели:

„Нашиот историски пат бил вистински пат, пат на еден народ којшто со векови се борел за својата слобода, се наоѓал на балканските, европските и светските крстопати и ја докажал таа вистина. Со сегашното свое постоење во нашиот социјалистички самоуправен живот, Македонците ја докажаа својата вистина дека се самостоен народ, дека се народ кој успеал, покрај сите да излезе со својата вистина од кошмарот, како што некои го нарекуваат овој простор“.

Дружевме повремено со Ице како школски другари, но од моето доаѓање во Музејот на град Скопје нашето дружење

зачести по линија на нашето историско минато. Имавме поголеми планови од кои само дел реализиравме. Ја почнавме соработката за делото на Гоце Делчев и неговото време. На оваа тема ни отстапи над петстотини документи и фотографии. Се разбира ни ги отстапи да ги преснимиме и оригиналите пак му гу вративме, но за Музејот тоа беше од голема полза. Со негова помош на оваа тема направивме повеќе изложби.

За КУД „Гоце Делчев“ направивме една изложба на оваа тема (“Гоце Делчев и неговото време“) која беше отворена во Вараждин по повод одржувањето на манифестацијата „Песна за Гоце“. Потоа со измени и дополнувања изложбата наредните години беше презентирана во Пирот, Димитровград, Титоград, Љубљана, Сараево и во Нови Сад.

Оваа изложба беше прилагодена и за други потреби. Во соработка со Републичкиот комитет за односи со странство, Републичкиот комитет за информации, Музејот на град Скопје и проф. Полјански беше прилагодена и испратена во 5 примероци во Австралија, Канада и САД каде уште се прикажува за нашите иселеници во тие земји и една изложба за нашите работници на привремена работа во европските земји. Изложбата беше поставена по домовите на културата скоро низ сите градови во Македонија, како и на пограничните средби во Берово и Делчево.

На оваа тема професорот Д-р Христо Андонов-Полјански посвети голем дел од неговиот животен работен век и за Гоце Делчев и неговата генерација во една прилика истакна:

„Со својата величина, со својот пркос, Делчев ја предизвикуваше историјата и тој всушност, придонесе Македонија да стане поприште на широко интересирање на меѓународната јавност. Гоце стави печат на своето време: изникна од народот и успеа да проникне во духот на народот и заедно со целата своја храбра генерација успеа да му се наметне на светот“.

За одразот на Илинденското востание во англискиот печат и во англиското општество собра голема документација. Од оваа документација на Музејот на град Скопје Полјански му отстапи во текот на 1983 година над 650 фотокопии.

Имавме големи планови и за натамошната наша соработка: да реализираме постојана изложба во комплексот на црквата „Св. Спас“, на тема „Гоце Делчев и неговото време“, каде се сместени и моштите на овој великан на македонскиот народ. Нешто слично се договоривме да реализираме во Штип итн.

Меѓутоа, прераната и ненадејна смрт на Д-р Христо Андонов-Полјански ја прекина живата соработка со него, а ни остана да ги реализираме тие замисли без него, но со неговата оставштина за што му се благодарни сите вработени на Музејот на град Скопје.